Бр: 03-108/3
Скопје: 09.06.2021

Врз основа на член 28 став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 став (1) од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 09.06.2021 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Министерството за економија со допис бр. 18-2461/1 од 21.05.2021 година (Наш бр. 10-64 од 25.05.2021 година) го достави до Комисијата за заштита на конкуренцијата Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија„ бр. 83/18, 98/19 и 124/19) со барање за донесување Решение за истиот од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата. Разгледувајќи го Предлог-Законот за изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестициите („во натамошниот текст: Предлог-Закон), Комисијата за заштита на конкуренцијата до Министерството за економија како одговор прати допис бр. 10-64 од 28.05.2021 година наведувајќи ги своите видувања и сугестии по однос на одредени предложени решенија во Предлог-Законот.

По горенаведениот допис на Комисијата за заштита на конкуренцијата, Министерството за економија со допис бр. 18-2461/4 од 02.06.2021 година (Наш бр. 03-108/2 од 02.06.2021 година) одговори по забелешките и сугестиите на Комисијата за заштита на конкуренцијата во врска со Предлог-Законот, наведувајќи го при тоа фактот дека одредени поими кои се предлагаат да се бришат од постоечкиот Закон (а за кои Комисијата за заштита на конкуренцијата сметаше дека истите треба да продолжат да бидат дел од Законот) се како резултат на фактот дека истите не се применливи на Законот. Во однос на забелешката на Комисијата за заштита на конкуренцијата за член 15 од Законот (мерката финансиска поддршка за отворање нови работни места), Министерството за економија образложи дека Законот за финансиска поддршка не предвидува мерење на оправдани трошоци по однос на плати како што се наведени во член 6 и член 8 од Уредбата за условите и постапката за доделување на регионална помош (а кои членови беа посочени од страна на Комисијата за заштита на конкуренцијата), туку дека финансиската поддршка е ориентирана кон продуктивни почетни инвестиции.

После ваквото образложение од страна на Министерството за економија, Комисијата за заштита на конкуренцијата по однос на доставениот Предлог- Закон е на мислење дека:

Предложените измени и дополнувања на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија бр. 83/18, 98/19 и 124/19), кои според предлагачот имаат за цел забрзано поттикнување на економскиот раст со привлекување на странски и домашен капитал, зголемување на конкурентноста и на вработувањето, се во насока на:

- проширување на видовите на финансиска поддршка за технолошки развој и истражување (помош за индустриско истражување), но и бришење на досегашниот вид на финансиска поддршка за конкурентност – поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба;

- ново уредување/допрецизирање дека корисникот на финансиската поддршка кој примил финансиска поддршка согласно со овој закон има обврска да ја одржува инвестицијата за период од најмалку 5 години по датумот на завршување на инвестициското проект (член 4 од Предлог- Законот со кој се додава нов став (2) во член 5 од Законот);

- допрецизирање кои субјекти можат, а кои не можат да бидат корисници на финансиска поддшка (продолжуваат да бидат истите кои ги исполнуваат условите предвидени и со претходните законски решенија, но исто така како корисници се предвидува да бидат и субјектите кои вршат дејности поврзани со наменско производство – вооружување и воена опрема.

  Исто така, освен постоечките со Закон, се доуредува/прецизира листата на субјекти кои не можат да бидат корисници на финансиска поддршка – јавни претпријатија основани и во сопственост на државата и единиците на локална самоуправа, трговски друштва кои се во целосна или делумна сопственост на државата и единиците на локална самоуправа, јавните приватни партнерства во кои учествува државата или единиците на локална самоуправа; субјекти кои се носители на лиценца за производство на електрична енергија, но само доколку добиваат механизми за поддршка (повластени тарифи или премиуми) односно електричната енергија ја продаваат по регулирани цени; субјекти кои вршат регулирана дејност чија цена ја одредува независно регулаторно тело; корисници на право на концесии на добра од општ интерес, но само доколку концесијата се користи за продуктивна почетна инвестиција; субјекти кои произведуваат акцизна стока и тоа само за делот за производство на акцизна стока);

- олеснителни услови за компаниите кои се појавуваат како корисници кај одредени видови на финансиска поддршка - укинување на условот од член 9 став (1) алинеа 2) од Законот за остварување пораст на вкупни приходи од работењето на компаниите кај видот на помошта: финансиска поддршка за нови вработувања - или зголемување на помошта односно олеснување на исполнување на условите кај одредени видови на поддршка (пр. кај мерката: финансиска поддршка за воспоставување и унапредување на соработка со добавувачи регистрирани во

Република Северна Македонија, финансиската помош од сегашната 1%, со предложените измени и дполнувања се зголемува на 10% од вредноста на вкупно извршените набавки на производи од добавувачи регистрирани во Република Северна Македонија, и наместо сегашниот 15% од вкупниот производ да биде извршен од добавувачи регистрирани во Република Северна Македонија со предложените измени и дополнувања тој праг е намален на 7,5%. Исто така и временскиот период за поддршка кај ова мерка од сегашните 7 години, со измените и дополнувањата се предвидува да биде 5 години. Кај оваа мерка, во член 18, се укинува досегашниот услов предвиден во член 9 став (1) алинеа 2 и 3 од Законот и наместо предвидената обврска од 3 години (во член 19 од Законот) со Предлог-Законот се предвидува 5 години да ја одржи дејноста сметано од последната година за која е исплатена финансиската поддршка);

- допрецизирање и појаснување на начинот на финансиска поддршка за мерката Поддршка за инвестициски проекти од значаен економски интерес за Република Северна Македонија ;

- допрецизирање/појаснување и изменување на мерката Финансиска поддршка за преземање на деловни субјекти во потешкотии (финансиската поддршка се доделува на деловни субјекти кои ќе преземат други деловни субјекти во потешкотии и кои ќе започнат продуктивна почетна инвестиција, при што се воведува условот на финансиска поддршка на корисникот ако преземе субјект во постапка за реорганизација спроведена во отворена стечајна постапка –член 26 од Предлог- Законот) ;

- необврската на корисникот за исполнување на условите од член 9 став (1) од Законот за мерката финансиска поддршка за пораст на капитални инвестиции и приходи (член 24 од Предлог-Законот);

- бришење на зборовите во член 29 став (1) од Законот ,,*остварување на пораст на продадени количини или пораст на приход од дејност за продадени производи на пазарот*,, и заменување на истите со зборовите ,,*остварен пораст на приходи од работење*,, кај мерката финансиска поддршка за зголемување на конкурентноста на пазарот, како и необврската на корисникот за исполнување на условот од член 9 став (1) алинеа 3 од Законот кое досега беше услов на законското решение (за прашањето поврзано со ненамалувањето на просечниот број на вработени повеќе од 5%)

- прецизирање на условите и зголемување на финансиската поддршка од досегашните 10% на 15% од оправданите инвестициски трошоци, но не повеќе од 1.000.000 евра за деловните субјекти основани од државјани на Република Северна Македонија со постојан или привремен престој надвор од Република Северна Македонија;

- доделување на финансиска поддршка за рамномерен регионален развој (добивање дополнителна финансиска поддршка за корисникот во зависност од планскиот регион каде што се реализира продуктивната почетна инвестиција).

Горенаведените измени и дополнувања на Законот за финансиска поддршка на инвестиции („Службен весник на Република Македонија„ бр. 83/18, 98/19 и 124/19) според Комисијата за заштита на конкуренцијата не претставуваат промена на постојната шема на помош согласно член 3 став (3) точка 3 од Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 142/11), бидејќи со истите не се предвидува заострување на критериумите за примена на постојната шема на помош, чие доделување е претходно дозволено од страна на Комисијата (Решение бр. 10-45 од 14.06.2018 година), ниту пак тоа подразбира намалување на интензитетот на помошта или намалување на обемот на оправданите трошоци кои се надоместуваат со шемата.

Со сегашните предложени измени и дополнувања за одредени видови на финансиска помош важат олеснителните околности, особено во насока на неисполнување на условите предвидени во член 9 од Законот. Со овој Предлог-Закон се предвидува проширување на субјектите кои би можеле да се појавуваат како корисници на финансиски средства (субјектите кои вршат дејности поврзани со наменско производсво – вооружување и воена опрема). Исто така, со овие предложени измени и дополнувања на Законот за финансиска поддршка на инвестициите има проширување на видовите на финансиска поддршка за технолошки развој и истражувања, каде што се предвидува помош и за индустриско истражување, при што Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува дека таквата помош треба да се доделува согласно условите предвидени во член 6 од Уредбата за условите и постапката за доделување на хоризонтална помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 03/14).

Со Предлог –Законот е предвидено да се брише точката б) од член 14 став (2) од Законот односно Поддршка за освојување на пазари и пораст на продажба.

Поаѓајќи од горенаведеното, Комисијата за заштита на конкуренцијата е на ставот дека ваквите предложени измени и дополнувања на Законот за финансиска поддршка на инвестиции не подразбират промена на постојната шема на помош, при што како резултат на ова давателот на државната помош не е обврзан до Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави известување за промена на постојната шема на помош односно образец за поедноставено известување даден во Прилог 2 од горенаведената Уредба.

Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека во досегашниот процес на изменување и дополнување на Законот за финансиска поддршка на инвестиции од нејзина страна се донесени две мислења и тоа: Мислење бр. 03-92/2 од 26.03.2019 година и Мислење бр. 03-132/2 од 30.05.2019 година.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**